ДОМ НА МЛАДИТЕ – ШТИП

# ПАВЛЕСКИ СТАНКО
# СКУЛПТУРИ И ЦРТЕЖИ



Завод – Музеј Штип

25.01.– 03.02.1985

Уметничка галерија „БЕЗИСТЕН"

## ПАВЛЕСКИ СТАНКО

**Роден 1959 година во с. Ерековци – Прилеп, а живее во Скопје ул. Македонска преродба 100. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1984, во класата на професор Петар Хаџи–Бошков.**

**Награден на факултетот за најдобар успех во текот на студирањето по предметот вајарство. Излагал на студентската изложба ,,Заедно'' во Сараево 1982, 1983, 1984. Учествувал на изложбата на студентски цртеж во Белград.**
**Со група млади уметници учествувал во реализација на хепенинг во летната бавча на Домот на младите– Штип.**

Изборот од скулптури и цртежи што го направи младиот вонредно талентиран академски скулптор Станко Павлески /1959/, за својата прва самостојна изложба, укажува на едно континуирано, аналитичко и процесуално разлагање на формата.

Тргнувајќи од реалистичкиот третман на гипсените актови, па преку стилизираните скулпторски форми во дрво кои ја сугерират следната фаза на спирални композиции работени во метал, минува до своите последни боени спирални остварувања.

Цртежот кај Павлески не само што може непосредно да влијае на скулпторската замисла, туку тој во потполност самостојно и независно опстојува. Самиот автор вели: ,,Цртежот на мене влијае директно или индиректно при прочистување на скулпторската мисла .... го третирам како амбиентација на елементи ... се работи за скулптурални елементи лоцирани во една имагинарна просторност, амбиент кој може да предизвика разни асоцијации''.

За да се воспостави взаемниот склад помеѓу творецот и материјалот, нужно мора да се мине низ деструктивниот процес. Деструктивниот однос подразбира конструктивно, ново, квалитативно решение, што значи дека, взаемното запознавање започнува со разорување на компактноста на материјата.

На нејзината структура, со виткањето, сечењето и се дава ,,смртоносен'' удар, за низ процесот на работата, со својата инвенција повторно да ја воскрсне и да и вдахне живот, со нова смисла, ново значење, кое во својата пра–состојба.

Една од битните карактеристики за спиралните композиции на Павлески е третманот на просторот, движењето и светлоста /природната и онаа ликовната која ја подразбира бојата/. Почетокот на интервенцијата врз металот, коинцидира со почетокот на интервенцијата на отворениот, недефиниран простор. Со кружните спирални елементи започнува постепеното ,,конзервирање'' на просторот, што значи создавање и затворање на просторот во просторот, за подоцна повторно да го отвори и да го синтетизира овој внатрешен простор во скулптурата, со оној надворешниот околу неа.

Присуството на ритамот во спиралните композиции расте и се шири по вертикала и хоризонтала, како и во длабочина и височина, однадвор и одвнатре, сугерирајќи го бесконечното движење и траење. Ваквата концепција претставува една ритмичка организација на просторот, игра која непрекинато се повторува, од постаментот до врвот и обратно. Тоа е игра затворена и вљубена во самата себеси, игра која не поврзува со музиката на Равеловиот Болеро. Но сепак во некои скулптури на измазнетата светликава структура, на надворешните, цврсто оптегнати форми и се спротиставува, темната, зрнеста, рапава фактура, која на тој внатрешен простор му дава некоја мекост, топлина и посмирен ритам.

Павлески ја чувствува потребата за отворена и непосредна комуникација со природата, затоа како природни и неопходни својства во скулптурите соучествуваат небото и земјата, поточно просторот и природната светлина, која како нераскинлив елемент нужно го менува лицето на скулптурата. Сонцето се одразува на металот и уште повеќе ја потенцира светлата површина на формата. Се е во движење и сликите на површината на формата и самата форма, како и линијата, па дури и просторот трепери во окото на реципиентот ја создава илузијата на кинетизмот. Како што природната светлина си игра со скулптурите и го потенцира ритамот, така и бојата го нагласува динамизмот и ја сугерира звучноста, создавајќи на тој начин двоен ритмички систем.

Нашето размислување го оставаме недовршено како што е недовршена творечката мисла за да ги надополниме во некое друго време и друг простор.

Конча ПИРКОВСКА




## СКУЛПТУРИ

1. S — жолто-плаво — швајцован метал
2. S — спирално постоље — швајцован метал
3. S — 3 —допир — метал
4. S — вертикално—хоризонтално — швајцован метал
5. S — црна вертикала — швајцован метал
6. S — мал — швајцован метал
7. S — аголно прекршување — метал
8. Круг — движење — боја — швајцован метал
9. Спирално — линеарна конструкција
10. Глава — спирална плетенка
11. По линеарните шаблони — метал
12. Торзо — гипс
13. Седечко торзо
14. 1 + 1 = контакт — дрво
15. Пратење и прекршување на S движење — дрво

## ЦРТЕЖИ

1. 3 — S. K. P. креда во боја
2. 3 — Арабеска — 1— креда во боја
3. 3 — Арабеска — 2 — креда во боја
4. П — Амбиент — 1
5. П — Амбиент — 2
6. Круг — С. — продор — креда во боја
7. Круг — С. — големо — мало
8. Море 1 — креда во боја
9. Море 2 — лепена хартија
10. Степенасто патување на елементот — креда во боја
11. Ритмичко раслојување
12. Простор во простор — С — креда во боја
13. Спротивставување на рустикална форма
14. Минимум — максимум — тули — креда
15. Монументално опфаќање
16. S. — С. — Амбиент — креда во боја
17. S. — Вертикала — пастел — креда
18. S. — Фигурација — масло на хартија
19. S. — Пејсаж
20. Р. — Пејсаж амбиент
21. Парче од просторните размислувања
22. Е — Z1 — креда во боја
23. Во интерес на формата — креда во боја

Издавач: Дом на младите — Штип
За издавачот: Благој Читкушев
Уредник: Бошко Симоновски
печати: ГРО „Младост"—Кочани
тираж: 150